Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22), Министерство за транспорт и врски, на ден __________2023 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички проект (УП) вон опфат на урбанистички план за (Е1.8 водови за пренос на електрична енергија) за изградба на новопроектиран 35kV подземен кабелски вод за поврзување на ТС2 (КП235/15, КО Рибарци), ТС1 (КП235/2, КП239/2, КО Рибарци) и ТС3 (КП 235/1, КО Рибарци) со новопланиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура и КО Рибарци, Општина Росоман, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект (УП) вон опфат на урбанистички план за (Е1.8 водови за пренос на електрична енергија) за изградба на новопроектиран 35kV подземен кабелски вод за поврзување на ТС2 (КП235/15, КО Рибарци), ТС1 (КП235/2, КП239/2, КО Рибарци) и ТС3 (КП 235/1, КО Рибарци) со новопланиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура и КО Рибарци, Општина Росоман, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Урбанистички проект (УП) вон опфат на урбанистички план за (Е1.8 водови за пренос на електрична енергија) за изградба на новопроектиран 35kV подземен кабелски вод за поврзување на ТС2 (КП235/15, КО Рибарци), ТС1 (КП235/2, КП239/2, КО Рибарци) и ТС3 (КП 235/1, КО Рибарци) со новопланиран столб на постоен воздушен 35kV вод, КО Паликура и КО Рибарци, Општина Росоман се изработува за приклучување на површински соларцни централи од три градежни парцели планирани со

1. "Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за градежни парцели со намена Е1.13 - фотоволтаична електрана со градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1MW на ГП 1 на дел од КП 234, дел од КП 235/1, дел од КП 235/2, дел од КП 239 КО Рибарци, Општина Росоман";

2. "Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за градежни парцели со намена Е1.13 - фотоволтаична електрана со градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1MW на ГП 2 на дел од КП 234, дел од КП 235/1, дел од КП 235/2, дел од КП 239 КО Рибарци, Општина Росоман";

3. "Урбанистички Проект вон опфат на Урбанистички План за градежни парцели со намена Е1.13 - фотоволтаична електрана со градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со капацитет поголем од 1MW на ГП 3 на дел од КП 234, дел од КП 235/1, дел од КП 235/2, КО Рибарци, Општина Росоман" на новопроектиран 35kV подземен кабелски вод со новопланиран столб на постоен воздушен 35kV вод. Апроксимативна површина на проектен опфат е 6331 м², додека должината на водот е 1056м. Овој УП нема конфликт со постојните планирани комуникациски водови.

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-2949/10
Датум: 21.07.2023
Место: Скопје

**Министер**
**Благој Бочварски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ * СКОПЈЕ